ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 21 ДАТА 29.05.2019 ГОДИНА 37

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 21 ДАТА 29.05.2019 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД МЛАДИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ТАБЕЛИ ОД РЕГИОНАЛНИ ФУДБАЛСКИ ЛИГИ
- ТАБЕЛИ ОД ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ ЛИГИ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 28.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЕРОДРОМ 2018„ Скопје: Урдовски А. Матеј, Стаменковски И. Андреј, Заев Е. Давид и Џамбазов Р. Лука, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Седница од 27.05.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Сулејмани Н. Ерин, Халити Дрен и Бислими Б. Бетим, по чл. 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Рамадани Д. Елмедин од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, порди преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ**
**Седница од 20.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАМЕНИЦА САСА“ Македонска Каменица: Атанасовски Христијан и Гоцевски Стефан, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО**
**Седница од 23.05.2019 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Аколатсе Е. Чарлес Бениот Коффи го раскинаа договорот за вработување на фудблер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кратово фудбалерот Аколатсе Е. Чарлес Бениот Коффи од ФК„Силекс АД„ од Кратово порди преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА**
**Седница од 21.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Кљанков В. Мартин, Велински М.Јован, Туфекчиев Г. Кристијан, Георегиев А. Теодор, Тренчовски Г. Благој, Танчев Л. Петар и Стојковски В. Христијан, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА**
**Седница од 27.05.2019 гоидина**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ Нов Дојран: Ашовалиева Т. Анастасија, по член 35/1.

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-955/8
09.05 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 09.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши измена и дополнување на став 3(три) на член 10 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, на начин што по зборот„фудбалерот" се брише зборот„единствено"; по зборот „натпревари" се додава запирка и зборовите „освен во случај на преклопување на сезони согласно ФИФА Правилникот за статус и трансфер на играчи", и истиот гласи:

(3) Фудбалерите смеат да бидат регистрирани за најмногу три клубови во текот на една сезона. За време на овој период, фудбалерот има право на настап за два клуба на официјални натпревари, освен во случај на преклопување на сезони согласно ФИФА Правилникот за статус и трансфер на играчи.

2. Се врши измена и дополнување на став 1(еден ) на член 59 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, на начин што зборовите со кои почнува ставот „ Минимално траење на договор е периодот помеѓу два преодни рокови, а најдолгото траење на договор е 5 (пет) години, односно ", се менуваат со зборовите:
„ Професионален договор може да се склучи најмногу за период од 5(пет) години а најмалку до крајот на натпреварувачката сезона, односно договорите ", и истиот гласи:

(1) Професионален договор може да се склучи најмногу за период од 5(пет) години а најмалку до крајот на натпреварувачката сезона, односно договорите можат да бидат склучени на временски периоди од шест месеци, една година, една година и шест месеци, две години, две години и шест месеци, три години, три години и шест месеци, четири години, четири години и шест месеци и пет години.

2. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од 15.06.2019 година.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

Управен одбор

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 09.05.2019 година, го разгледа предлогот за измена и дополнување на член 10 и 59 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Предлогот за измена и дополнување се однесува на усогласување на одредбите на Правилникот со одредбите на ФИФА Правилникот за статус и трансфер на играчи По разгледување на предлогот,Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
**Муамед Сејдини** с.р

Деловоден број 0202-955/8

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 12-978/2
22.05 2019 год.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа на член 124 од Статутот на ФФМ а во врска со член 10 и 12 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата за жалби за лиценцирање во состав Владимир Ѓорчески - претседавач, Наим Шерифи – зам.претседавач, Златко Чубриновски - член, Тамара Грбевска – член и Жарко Митевски - член на седницата одржана на 20.05.2019 година, постапувајки по жалбата на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **Се одбива жалбата** бр. 12-978/1 од 14.05.2019, изјавена од барателот на лиценца Друштвото за спортски дејности **Фудбалски клуб Вардар АД Скопје** против Решение бр. 11-56/8 од 03.05.2019 на Комисијата за лиценцирање на ФФМ;

2. **Се потврдува Решението бр. 11-56/8** од 03.05.2019 на Комисијата за лиценцирање **на ФФМ** со кое во т.1 **:** се одбива барањето Бр. 11-56/3 од 28.02.2019, в.в пријавата бр. 11-2773/1 од 20.12.2018 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, со седиште на ул. 1732 бр. 2а во Скопје-Центар ЕМБС: 6756263 и ЕДБ: 4080012526200; во т.2 **не се издава лиценца** за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2019/20 на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје.

3. Оваа одлука е конечна, диспозитивот на оваа одлука да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ Вардар АД – Скопје, незадоволен од Решението на Комисијата за лиценцирање бр. 11-56/8 од 03.05.2019 година, со кое не се издава лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2019/20 на Друштвото за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ Вардар АД – Скопје, надвор од предвидениот рок поднесе жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање на ФФМ. Комисијата констатира дека подносителот со жалбата уредно доставил доказ за платена такса.

Подносителот на жалбата во жалбените наводи се повикува на фактот дека првостепениот орган во обжаленото решение констатирал дека клубот ги исполнил инфраструктурните, спортските ,персонално-административните и правните критериуми во целост. Во врска со неисполнетите финансиски критериуми жалителот ја информира Комисијата за жалби за лиценцирање дека во врска со прекршените индикатори од член 56 како и неисполнетите обврски од член 54 и 54а од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, жалителот максимално ангажирано и совесно прави напори да ги регулира долгувањата во најбрз можен рок за што навремено ќе ја информира Комисијата и таа информација ќе биде потврдена од независна ревизорска куќа, овластен ревизор на жалителот во процесот на лиценцирање. Во жалбените наводи, жалителот наведува и дека до првостепениот орган доставил изјава дадена од спонзорот на клубот кој во минатите четири натпреварувачки сезони ја докажувал способноста за континуитет на работа на друштвото. Жалителот наведува дека по исплата на неисплатените обврски, клубот ќе влезе во стабилен финансиски период во кој редовно ќе ги сервисира расходите и за истото ќе доставува финансиска документација. Клубот очекува од Комисијата да ја преиначи првостепената одлука и на клубот да му издаде лиценца за натпреварување во УЕФА за претстојните УЕФА натпреварувања.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи како и документацијата која жалителот ја доставил во процесот на лиценцирање. Комисијата посебно внимание им посвети на материјалните докази поврзани со финансиските критериуми врз основа на кои првостепениот орган го донел сега нападнатото решение, меѓу кои ревизорските извештаи изготвени од овластена ревизорска куќа Грант-Торнтон како и извештајот од лиценцната администрација.

Комисијата утврди дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба кога утврдил дека жалителот ги прекршил двата индикатори од член 56 , во финансиските извештаи прикажал негативна акционерска главнина и не успеал да докаже способност за континуитет во работењето најмалку до крајот на лиценцната сезона. При носење на одлуката , првостепениот орган ја имал во предвид и изјавата на спонзорот на клубот но со истата клубот не успеал да ја докаже способноста да одговори на финансиските обврски како што доспеваат и да продолжи нормално да функционира во континуитет најмалку до крајот на лиценцната сезона.

Комисијата утврди дека првостепениот орган истотака правилно утврдил дека жалителот не ги исполнил и обврските од член 54 и 54а и согласно финансиските извештаи има доспеани и неисплатени обврски за направени трансфери, обврски кон вработени и ангажирани лица, за плати, надоместоци, социјални придонеси и даноци од плата. Во жалбените наводи, жалителот не ја оспорува утврдената фактичка состојба.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Комисијата констатира дека жалителот во жалбените наводи не навел ниту доставил докази со кои ќе ја покаже својата финансиска стабилност и ќе докаже дека првостепениот орган одлуката ја донел спротивно на одредбите на Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА.

Комисијата напоменува дека при неблаговременост на поднесокот не се впушта во материјална расправа и жалбата веднаш ја одбива како неблаговремена.

Во конкретниот случај Комисијата се впушти во материјална расправа и ја ценеше основаноста на жалбените наводи без истите да ги земе во предвид при одлучувањето со оглед дека жалбата е неблаговремена. Ваквото постапување на Комисијата е со цел на жалителот како реномиран клуб кој неколку сезони по ред се натпреварува во УЕФА натпреварувањата, да му укаже на важноста од почитување на одредбите на Правилникот кои ги има прекршено и поради кое прекршување и покрај спортскиот пласман не може да се стекне со потребната лиценца за учество во УЕФА натпреварувањата.

Врз основа на член 12 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
-Подносителот на барањето
-Макфудбал
-Генерален Секретар на ФФМ

Комисија за лиценцирање на ФФМ
Претседател,
Владимир Ѓорчески

Фудбалска Федерација на Македонија

Број: 16-1085/2.3-1: Пионери-Регионална лига

Датум : 10.05. 2019 година

Врз основа на член 35 од Пропозиции за млади категори, Младинската комисија на ФФМ постапувајќи по службена должност , за натпреварот помеѓу ФК Партизан Обршани - Ф.К.Академија Постолов Штип во Пионерска конкуренција кој требаше да се одигра на ден 04.05.2019 година согласно член 80 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 10.05.2019 донесе:

## *ОДЛУКА*

1. Натпреварот ФК Партизан Обршани - Ф.К.Академија Постолов Штип во Пионерска Регионална Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на ФК Партизан Обршани по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. Ф.К.Академија Постолов Штип се предава на дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **19** коло помеѓу ФК Партизан Обршани - Ф.К.Академија Постолов Штип во Пионерска конкуренција со службен резултат **3-0** за ФК Партизан Обршани кој требаше да се одигра на ден 04.05.2019 година, во Обршани. По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на Ф.К.Академија Постолов Штип не го оправдала своето не појавување на терен за да го одиграат натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**

- Ф.К.Академија Постолов Штип
- ФК Партизан Обршани
- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Претседавач на Младинска Комисија
Арѓенд Беќири с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број: 16-1085/2.3-3: Пионери-Регионална лига

Датум : 10.05. 2019 година

Врз основа на член 35 од Пропозиции за млади категори, Младинската комисија на ФФМ постапувајќи по службена должност , за натпреварот помеѓу ФК Партизан Обршани - Ф.К.Академија Постолов Штип во Помлади пионери конкуренција кој требаше да се одигра на ден 04.05.2019 година, согласно член 80 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 10.05.2019 донесе:

## ***ОДЛУКА***

1. Натпреварот ФК Партизан Обршани - Ф.К.Академија Постолов Штип во Помлади пионери Регионална Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на ФК Партизан Обршани по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. Ф.К.Академија Постолов Штип се предава на дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **19** коло помеѓу ФК Партизан Обршани - Ф.К.Академија Постолов Штип во Помлади пионери конкуренција со службен резултат **3-0** за ФК Партизан Обршани кој требаше да се одигра на ден 04.05.2019 година, во Обршани. По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на Ф.К.Академија Постолов Штип не го оправдала своето не појавување на терен за да го одиграат натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Претседавач на Младинска Комисија
Арѓенд Беќири с.р.

**Доставено до**

- Ф.К.Академија Постолов Штип
- ФК Партизан Обршани
- Мак Фудбал
- Архива

Фудбалска Федерација на Македонија

Број: 16-1085/2.3-2: Пионери-Регионална лига

Датум : 10.05. 2019 година

Врз основа на член 35 од Пропозиции за млади категори, Младинската комисија на ФФМ постапувајќи по службена должност , за натпреварот помеѓу ФК Детонит Јуниор од Радовиш - Ф.К.Каменица Саса од М. Каменица во Пионерска конкуренција кој требаше да се одигра на ден 04.05.2019 година согласно член 80 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 10.05.2019 донесе:

# ***ОДЛУКА***

1. Натпреварот ФК Детонит Јуниор од Радовиш - Ф.К.Каменица Саса од М. Каменица во Пионерска Регионална Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на ФК Детонит Јуниор од Радовиш по службена должност за не одигрување на натпревар поради немање на доволен број фудбалери..
2. Ф.К.Каменица Саса од М. Каменица се предава на дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Младинската комисија на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **19** коло помеѓу ФК Детонит Јуниор од Радовиш - Ф.К.Каменица Саса од М. Каменица во Пионерска конкуренција со службен резултат **3-0** за ФК Детонит Јуниор од Радовиш кој требаше да се одигра на ден 04.05.2019 година, во Обршани. По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на Ф.К.Каменица Саса од М. Каменица немала доволен број на фудбалери за да го одиграат натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**

- Ф.К. Детонит Јуниор од Радовиш
- Ф.К.Каменица Саса од М. Каменица
- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Претседавач на Младинска Комисија
Арѓенд Беќири с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-964/1-10-11

Регионална Пионерска лига: 2018 - 2019

Скопје: 13.05.2019 година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 35 од Пропозиции за млади категории,Младинската комисија на ФФМ на ден 10.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ГФК ВАРДАР Неготино - Неготино се казнува со автоматска парична казна од 20.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ.

3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.

4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## Образложение

Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Пионерска лига 18/19 помеѓу, ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци - ГФК ВАРДАР Неготино, ја констатира следната фактичка состојба:Нејковски Мартин играч на ГФК ВАРДАР Неготино, исклучен од игра во 88. мин поради неспортско однесување ( вулгарно однесување,) пцовка кон главниот судија.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ГФК ВАРДАР - Неготино
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Младинска комисија на ФФМ

Претстдавач,

Арѓенд Беќири с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-964/1-6-7

Регионална Младинска лига: 2018 - 2019

null: 05.05.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 35 од Пропозиции за млади категории,Младинската комисија на ФФМ на ден 10.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - Струга се казнува со автоматска парична казна од 20.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **ФФМ**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## Образложение

Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Младинска лига 18/19 помеѓу, КФГ ГОСТИВАР АД - ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ, ја констатира следната фактичка состојба:Каба Диели играч на ФК Струга трим Лум исклучен од игра во 60 мин поради неспортско однесување (вулгарно однесување, навреда) .

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - Струга
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Младинска комисија на ФФМ

Претседавач,

Арѓенд Бејкири с.р.

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 16-1085/1-3.3-1

Регионална Пионерска лига: 2018 - 2019

Скопје: 10.05.2019 година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за млади категории, Младинска комисија на ден 10.05.2019 година

# ОДЛУКА

1. ГФК ВАРДАР Неготино - Неготино се казнува со автоматска парична казна од 50.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**..
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ – МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Младинската комисија на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Пионерска лига 18/19 помеѓу, ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци - ГФК ВАРДАР Неготино, ја констатира следната фактичка состојба: ГФК Вардар од Неготино поради немање на доволен број на фудбалери во записникот на натпреварот од 19 коло во регионална пионерска лига, согласно член 43 од Пропозиции за Млади категории.

ГФК Вардар од Неготино се казнува со автоматска парична казна од 50 евра во денарска

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ГФК ВАРДАР Неготино - Неготино
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Младинска комисија на ФФМ

Претседавач,

Арѓенд Беќири с.р.

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-964/1-8-9

Регионална Младинска лига: 2018 - 2019

Скопје: 13.05.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 35 од Пропозиции за млади категории , Младинската комисија на ФФМ на ден 05.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 10.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## Образложение

Младинската комисија на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Младинска лига 18/19 помеѓу, КФГ ГОСТИВАР АД - ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ, ја констатира следната фактичка состојба:Беќири Сабри играч на КФГ Гостивар исклучен од игра за два жолти картони (прв во 60. мин, Недозволен старт, а вториот во 60. мин, Неспортско однесување).

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Младинска комисија на ФФМ

Претседавач

Арѓенд Беќири с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-964/1-8-9

Скопје: 13.05.2019 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, , Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, против Беќири Сабри играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 10.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Беќири Сабри со ИД 105039 играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 05.05.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ – Мак Фудбал.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ, постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Младинска лига 18/19 помеѓу: КФГ ГОСТИВАР АД - ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ одигран на ден 04.05.2019 Година на стадионот во Гостивар ја констатира следната фактичка состојба: Беќири Сабри со ИД 105039 играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар исклучен од игра за два жолти картони (прв во 60. мин, Недозволен старт, а вториот во 60. мин, Неспортско однесување).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка **300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**.. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководство на ФФМ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинска комисија на ФФМ

Претседавач

Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-964/1-10-11

Скопје: 13.05.2019 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Нејковски Мартин играч на ГФК ВАРДАР - Неготино врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.05.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Нејковски Мартин со ИД 125486 играч на ГФК ВАРДАР Неготино - Неготино се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 30.04.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ, постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Пионерска лига 18/19 помеѓу: ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци - ГФК ВАРДАР Неготино одигран на ден 29.04.2019 година на стадионот во Кавадарци ја констатира следната фактичка состојба: Нејковски Мартин играч на ГФК ВАРДАР – Неготино, исклучен од игра во 88. мин неспортско однесување ( вулгарно однесување,) пцовка кон главниот судија.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка **300000001599760 Комерцијална Банка АД Ск опје**.. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ГФК ВАРДАР - Неготино
- Сметководство на ФФМ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинска комисија на ФФМ

Претседавач,

Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-964/1-6-7

Скопје: 13.05.2019 година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ, постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Каба Диели играч на ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - Струга врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.05.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Каба Диели со ИД 118108 играч на ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - Струга се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 05.05.2019 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Регионална Младинска лига 18/19 помеѓу: КФГ ГОСТИВАР АД - ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ одигран на ден 04.05.2019 година на стадионот во Гостивар ја констатира следната фактичка состојба: Каба Диели играч на ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ – Струга, исклучен од игра во 60 мин поради неспортско однесување (вулгарно однесување, навреда) .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка **300000001599760 Комерцијална Банка АД Ск опје**. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**

- ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ - Струга
- Сметководство на ФФМ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинска комисија на ФФМ

Претседавач,

Арбен Борова с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1007/2
23.05 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1008/1 од 21.05.2019 година против Даниел Боневски со ИД 103877, фудбалер на ФК Ф.К.Плачковица исклучен од натпреварот одигран на ден 18.05.2019 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Плачковица поради добиен втор жолт-црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 23.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Против Даниел Боневски со ИД 103877, фудбалер на ФК Ф.К.Плачковица исклучен од натпреварот одигран на ден 18.05.2019 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Плачковица поради добиен втор жолт-црвен картон,**СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 19.05.2019 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-1008/1 од 21.05.2019 година против Даниел Боневски со ИД 103877, фудбалер на ФК Ф.К.Плачковица исклучен од натпреварот одигран на ден 18.05.2019 година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Плачковица поради добиен втор жолт-црвен картон,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 18.05.2019 година е одигран натпреварот во рамки на **26** коло од Втора МФЛ помеѓу, Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Плачковица на Градски Стадион во Штип .Во 35 минута од натпреварот на играчот со број 11 Даниел Боневски со ИД 103877, фудбалер на ФК Ф.К.Плачковица му е доделен жолт картон поради влечење на противнички играч,на истиот играч во 75 минута му е доделен втор жолт картон-црвен картон поради недозволен старт врз противнички играч. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавениот сторил прекршокод член 35 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежнителни околности кои постојат во конкретниот случај,а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок,степенот на одговорностна сторителот,побудите од кои е сторен прекршокот,како и поранешното однесување на сторителот,по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Плачковица**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 1007/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801- 1006/2
23.05 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1006/1 од 21.05.2019 година против Влатко Стојановски со ИД 110862, фудбалер на ФК Ренова АД исклучен од натпреварот одигран на ден 19.05.2019 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД – Ф.К.Ренова АД поради добиен директен црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 23.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Против **Влатко Стојановски со ИД 110862, фудбалер на ФК Ренова АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 19.05.2019 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД – Ф.К.Ренова АД поради добиен директен црвен картон,**СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече од 20.05.2019 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-1006/1 од 21.05.2019 година против **Влатко Стојановски со ИД 110862, фудбалер на ФК Ренова АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 19.05.2019 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД – Ф.К.Ренова АД поради добиен директен црвен картон,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 19.05.2019 година е одигран натпреварот во рамки на **35** коло од Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Шкупи 1927 АД – Ф.К.Ренова АД на Стадион во Чаир .Во 42 минута минута од натпреварот на играчот со број 16 **Влатко Стојановски со ИД 110862, фудбалер на ФК Ренова АД** му е доделен директен црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Игор Стојчевски поради неспортски и вулгарен однос кон главниот судија на натпреварот . Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавениот сторил прекршокод член 35 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежнителни околности кои постојат во конкретниот случај,а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок,степенот на одговорностна сторителот,побудите од кои е сторен прекршокот,како и поранешното однесување на сторителот,по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Ренова АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 1006/2

# <u>КОНЕЧНА ТАБЕЛА</u>

Трета фудбалска лига – Централен регион

Кавадарци

Натпреварувачка 2018/2019 година

| МЕСТО | ЕКИПА | КОЛО | ПОБЕДИ | НЕРЕ-ШЕНИ | ПОРАЗИ | ПОСТИГ. ГОЛОВИ | ПРИМ. ГОЛОВИ | ГОЛ РАЗ. | БОДОВИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК ПИТУ ГУЛИ | 22 | 18 | 1 | 3 | 56 | 15 | +41 | 55 |
| 2. | ФК ПРЕВАЛЕЦ | 22 | 17 | 3 | 2 | 60 | 19 | +41 | 54 |
| 3. | ФК БАБУНА | 22 | 10 | 3 | 9 | 59 | 40 | +19 | 33 |
| 4. | ФК БРАТСТВО 07 (-1) | 22 | 9 | 5 | 8 | 62 | 44 | +18 | 31 |
| 5. | ФК Н. ЦРНИЛИШТЕ | 22 | 9 | 3 | 10 | 52 | 42 | +10 | 30 |
| 6. | ФК НАПРЕДОК (К) | 22 | 8 | 6 | 8 | 45 | 59 | -14 | 30 |
| 7. | ФК РОСОМАН-83 (-3) | 22 | 8 | 6 | 8 | 37 | 32 | +5 | 27 |
| 8. | ФК Г. КОЊАРИ | 22 | 7 | 6 | 9 | 29 | 47 | -18 | 27 |
| 9. | ФК МАРЕНА | 22 | 8 | 2 | 12 | 46 | 56 | -10 | 26 |
| 10. | ФК МЛАДОСТ 1930 | 22 | 7 | 5 | 10 | 38 | 51 | -13 | 25 |
| 11. | ФК ТОПОЛЧАНИ (-3) | 22 | 6 | 1 | 15 | 26 | 60 | -31 | 16 |
| 12. | ФК ТОПОЛКА (-6) | 22 | 3 | 3 | 16 | 29 | 77 | -48 | 5 |

Комесар за натпревари
Јордан Мицковски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • ОФС КАВАДАРЦИ - ТРЕТА ЛИГА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИОН • ФФМ

# Табела

*Организација: (17) Општински Фудбалски Сојуз ГАЗИ БАБА*
*Натпреварување: (1519168) Трета лига СЕВЕР 18/19 - 2018/2019*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК КАДИНО | 26 | 22 | 1 | 3 | 93 | 25 | +68 | 67 |
| 2. | ФК ФОРТУНА | 26 | 18 | 1 | 7 | 83 | 44 | +39 | 55 |
| 3. | ФК ССК НОВА | 26 | 15 | 6 | 5 | 51 | 38 | +13 | 51 |
| 4. | ФК СТУДЕНА ВОДА | 26 | 14 | 2 | 10 | 73 | 43 | +30 | 44 |
| 5. | ФК БРАТСТВО ВЛАЗНИМИ | 26 | 14 | 1 | 11 | 60 | 42 | +18 | 43 |
| 6. | ФК ИЛИНДЕН | 26 | 13 | 3 | 10 | 58 | 46 | +12 | 42 |
| 7. | ФК БЕСА-ВЛАЗРИМИ (-3) | 26 | 13 | 2 | 11 | 56 | 44 | +12 | 38 |
| 8. | ФК ЛОКОМОТИВА-БЕНТОЕКСПОРТ | 26 | 11 | 4 | 11 | 54 | 50 | +4 | 37 |
| 9. | ФК РИНИА 98 | 26 | 10 | 4 | 12 | 54 | 51 | +3 | 34 |
| 10. | ФК ПЕТРОВЕЦ | 26 | 10 | 3 | 13 | 51 | 63 | -12 | 33 |
| 11. | ФК ВОЛКОВО 1964 | 26 | 9 | 4 | 13 | 41 | 67 | -26 | 31 |
| 12. | ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД (-3) | 26 | 9 | 0 | 17 | 38 | 66 | -28 | 24 |
| 13. | ФК ТЕКСТИЛЕЦ | 26 | 4 | 2 | 20 | 36 | 97 | -61 | 14 |
| 14. | ФК МАРИНО 2012 | 26 | 3 | 1 | 22 | 27 | 99 | -72 | 10 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ОФС ГАЗИ БАБА - ТРЕТА ЛИГА СЕВЕР

**Поз.**: Позиција **ОН**: Одиграни натпревари **Поб**: Победи **Н**: Нерешено **Пор**: Порази
**ПОС**: Постигнати голови **ПРИ**: Примени голови **ГР**: Гол разлика **БОД**: Бодови

# Табела

NO IMAGE AVAILABLE

*Организација: (17) Општински Фудбалски Сојуз ГАЗИ БАБА*
*Натпреварување: (1509135) Општинска фудбалска лига ГАЗИ БАБА 18/19 - 2018/2019*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР | 18 | 16 | 2 | 0 | 91 | 16 | +75 | 50 |
| 2. | ФК РАШТАК | 18 | 13 | 2 | 3 | 50 | 31 | +19 | 41 |
| 3. | ФК МИЛАДИНОВЦИ | 18 | 8 | 6 | 4 | 36 | 30 | +6 | 30 |
| 4. | ФК СМИЉКОВЦИ 2011 | 18 | 10 | 0 | 8 | 44 | 44 | 0 | 30 |
| 5. | ФК ДОЛНО КОЊАРИ (-3) | 18 | 8 | 2 | 8 | 34 | 32 | +2 | 23 |
| 6. | ФК РЖАНИЧИНО | 18 | 6 | 5 | 7 | 33 | 42 | -9 | 23 |
| 7. | ФК МРАЛИНО 1973 | 18 | 5 | 2 | 11 | 35 | 50 | -15 | 17 |
| 8. | ФК ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 18 | 3 | 4 | 11 | 23 | 39 | -16 | 13 |
| 9. | „ИНЏИКОВО„-с.Инџиково | 18 | 3 | 4 | 11 | 27 | 55 | -28 | 13 |
| 10. | „БУНАРЏИК-Р.П.-Скопје | 18 | 3 | 3 | 12 | 23 | 57 | -34 | 12 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-ГАЗИ БАБА ФФМ 4

**Поз.**: Позиција **ОН:** Одиграни натпревари **Поб:** Победи **Н:** Нерешено **Пор:** Порази
**ПОС**: Постигнати голови **ПРИ:** Примени голови **ГР:** Гол разлика **БОД:** Бодови

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**